ПРИЈАВА ЗА КАМП

Да! Јас сакам да учествувам на:

☐ Детскиот камп (6-12 години) 29 јуни-4 јули 2025

Цена: 6.500 денари

ДЕТАЛИ ЗА РОДИТЕЛОТ

Име и презиме на родителот кој ја дава согласноста:

_____

Потпис: _____

Телефон за контакт: _____

ДЕТАЛИ ЗА УЧЕСНИКОТ

Име и презиме: _____

Адреса: _____

_____ Место: _____

Телефонски број: _____

Датум на раѓање: _____

Дали имаш некаков хроничен медицински проблем

☐ да ☐ не

Ако одговорот е „да" објасни накратко што е: _____

_____

_____

Краен рок на пријавување е 10 јуни 2025. Со пријавата се уплаќаат и 1000 денари аванс за кампот. Авансот не се враќа ако присуството се откаже по 15 јуни.

Грижата за камперите ја сфаќаме многу сериозно и затоа сите раководители во кампот мораат да се согласат со „Полисата за заштита на деца", достапна на: www.cefmacedonia.com.

За подетални информации, може да нè контактирате на телефоните:

(Павле) 070-25-25-31 или (Донче) 070-37-41-43

Пополнетата пријава и авансот доставете ги до некој од работниците на МЕД.

Цената за детскиот камп е 6.500 денари.

Таа вклучува:

- ✔ **5 полни пансиони во хотел Даљан, Охрид.**
- ✔ **Превоз до и од кампот (поаѓање од Скопје и Струмица).**
- ✔ **Сите материјали што се користат на кампот.**

Користењето на мобилните телефони е дозволено секогаш кога нема организирана програма, но не подоцна од 22 часот. Ве молиме да го почитувате тоа.



МЕД
МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦА®

ОВА ЛЕТО



Детски камп Охрид 2025

За кого е кампот?
За деца на возраст од 6 - 12 години

Жетвата е време на радост. Време кога оној што се трудел добива награда за својот труд. Ова лето на кампот ќе зборуваме за жетва, жетвари, и за една многу трудољубива жена која, заради својата вера, изврши влијание и врз нашите животи денес.

Ќе се поучиме од животот на Рута, нејзината вера во вистинскиот Бог, и како таа стана дел од родословието на Господ Исус Христос.

Поуките што ќе ги слушнеш на кампот се интересни и имаат практична примена во твојот живот.

Секогаш одвојуваме доволно време и за спортски активности. И оваа година планираме да организираме спортски натпревари, игри на вода и „Барање на скриено богатство".

На кампот ќе имаш можност да развиеш долготрајни пријателства, бидејќи учесниците доаѓаат од целата земја. Ќе имаш прекрасна можност да запознаеш деца - твои врсници.



Многу од активностите се изведуваат во мали групи, заедно со раководител. Тоа ти дава можност да поставуваш прашања и поблиску да ги запознаеш другите од твојата група.

А сместувањето?
Во „Хотел Далјан"



Се разбира дека ќе имаме и прошетка низ Охрид и посета на историски знаменитости.

Правењето рачна работа ќе ти помогне да научиш нови практични вештини, и да направиш работи кои можеш да ги однесеш дома.

Вечерната програма е секогаш разновидна, како на пример: видео проекции, квизови, песни, сведоштва, различни поуки, како и „Приказна за добра ноќ".

Прославување на Божјиот прекрасен план

Кога се одржува кампот?
29 јуни - 4 јули 2025

Исто така имаме и вечер организирана од страна на учесниците на кампот, која е одлична можност секој кој сака да може да ги покаже своите таленти и способности. Ако сакаш, донеси и свој инструмент.

Ако сакаш да вежбаш да зборуваш англиски јазик, ќе имаш можност и за тоа. На кампот ќе имаме и група помошници од Северна Ирска кои ќе ги вклучиме во програмата како предавачи на англиски јазик.

Иако на кампот имаме обучени медицински лица, треба со себе да понесеш и здравствена книшка во случај да треба да се побара медицинска помош во установа.



Ако имаш Библија, земи ја со себе.